ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2024 03 10/1

**Скопје, јули 2024 година**

**Резиме**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на основен буџет (637) за 2023 година.

Со извршената ревизија изразивме неповолно мислење во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики за 2023 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи за 2018 година, при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година презентирано како прилог број 1 кон овој Извештај, при што констатиравме дека од дадените пет препораки: една е спроведена, една е делумно спроведена, две препораки се во тек на спроведување и една не е спроведена.

Со извршената ревизија за 2023 година, утврдивме:

- слабости во делот на начинот на спроведување на пописот на средствата, обврските и побарувањата и неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- неусогласеност на сметководствената финансиска евиденција на постојаните средства и залихите со книгата на капиталниот имот и материјалната евиденција;
- не постапување по одлука на Владата за трајно отстранување на неупотребуваните и технички застарени моторни возила;
- не соодветно поставена единица за внатрешна ревизија и не ефикасно вршење на внатрешната ревизија, што укажува на не воспоставен механизам кој ќе обезбеди подобрување на работните процеси и зајакнување на внатрешните контроли;
- неправилности во пресметката и исплатата на надоместокот за работното искуство (работен стаж) за делот кој се однесува на додатоците за кариера, ноќна и прекувремена работа, како и работа во празник и
- исплата на средства по договор на дело на физичко лице без соодветна поткрепувачка документација за извршената услуга.

За утврдените состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:
- судските постапки во кои УХМР се јавува како тужител;
- намалувањето на вработените како резултат на пензионирање или напуштање на работното место и продолжување со активностите за нови вработувања на стручни лица се со цел да се овозможи нормално функционирање на метеоролошките станици и
- донесување стратешки документ за хидрометеоролошката дејност како и планирање на инвестициони вложувања и тековните одржувања во станиците со донесување на годишни и повеќегодишни програми и
- потребата од зголемување на надоместоците на набљудувачите кои се основна алка во прибирањето на податоци од терен, а нивните информации се неопходни за носење на брзи одлуки за спасување на животи и материјални добра во услови на елементарни непогоди и поплави.

Во делот на останати прашања известуваме за:
- отсуството на законски одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи и
- истакнување на потребата за воспоставување на соодветна и постојана заштита од град во Република Северна Македонија со цел да не се нанесат сериозни штети на посевите на земјоделските површини за што се одвојуваат значајни финансиски средства од резервите на Буџетот на државата за исплати на средства за надомест на штета по овој основ.

Од страна на законскиот застапник на Управата за хидрометеоролошки работи не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. Нагласување на прашања | 9 |
| 5. Останати прашања | 15 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 17 |
| 7. Опфат и ограничувања | 18 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 18 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 18 |
| 10. Корекции за време на ревизијата | 20 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 20 |

Финансиски извештаи за 2023 година

Биланс на приходи и расходи 21

Биланс на состојба 22

Преглед на промени на извори на капиталните средства 23

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед 24

Сметководствени политики 26

Образложенија кон финансиските извештаи 28

**ПРИЛОЗИ:**

Прилог број 1 - Известување за проверка на спроведување на препораките

Прилог број 2 - Преглед на денови со невреме и град во 2023 година

Прилог број 3 - Одлуки на Владата на РСМ за одобрување на средства на општините од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година од постојаната резерва на државата

**Список на кратенки:**

| | |
|---|---|
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДЗС | Дирекција за заштита и спасување |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| МС | Метеоролошки станици |
| МФ | Министерство за финансии |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| РМ | Република Македонија |
| УХМР | Управата за хидрометеоролошки работи |
| ЦЕХ | Централна единица за хармонизација |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |

**Број:22-138/15**
**Дата:23.07.2024**

## 1. Вовед

Орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошката дејност е Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со Законот за хидрометеоролошка дејност се уредува функционирањето на хидрометеоролошката дејност во Република Северна Македонија и надлежностите на Управата за хидрометеоролошки работи.

Хидрометеоролошката дејност ги опфаќа работите поврзани со развојот и функционирањето на хидрометеоролошкото бдеење, истражување на атмосферата, климата, водите и почвата и работи на примена на метеорологијата и хидрологијата.

Хидрометеоролошката дејност опфаќа: координација, комуникација и соработка за навремено известување при вршењето на хидрометеоролошко бдеење и истражување со државните субјекти одговорни за превенција, рано предупредување, справување и управување со кризи на државно и локално ниво, навремено информирање за времето, климата и водите за потребите на одржливиот развој, со цел за намалување на загубите на луѓето и материјалните добра предизвикани од временски непогоди и други катастрофални настани и економски придобивки на државата.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 21 до 23 на Управата за хидрометеоролошки работи, за 2023 година на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи, на сметката на основен буџет (637) за 2023 година, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Управата за хидрометеоролошки работи на ден 31 декември 2023 година на сметката на основен буџет (637) како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи за 2023 година на сметката на основен буџет (637) , во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во ноември 2023 година Директорот на УХМР има донесено Решение[1] за формирање на комисија за вршење на годишен попис на средствата, обврските и побарувањата. По завршување на пописот од страна на комисијата издаден е Извештај[2] и донесена е Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис од страна на Директорот на УХМР[3].

Со увид во пописниот материјал ревизијата го утврди следното:

- кај постојаните средства извршен е квантитативен попис по работни места и канцеларии на опремата и мебелот, направен е попис и утврдена е функционалноста на автоматските хидролошки станици и на базната станица, автоматските метеоролошки станици, на пиезометри[4] како и на хидролошките површински станици кои се распространети на територијата на цела држава без да се искажани вредносни податоци и без да е извршено усогласување на фактичката со сметководствената вредност, што не е во согласност со член 29 став 1 од Правилникот;
- поголем дел од опремата не е обележана со инвентарни броеви што не е во согласност со член 30-а од Правилникот;
- извршен е попис на побарувањата и обврските со преземање само на финансиските податоци од сметководствената евиденција при што кон пописниот елаборат не се приложени пописни листи кои содржат информации и анализи за старосната структура на побарувањата и обврските и нивниот правен основ што не е во согласност со член 31–в од Правилникот.

Горенаведените состојби влијаат на реалното и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојбата.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за извршување на попис и усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба на средствата, побарувањата и обврските и обележување на сите средства со инвентарни броеви.

3.1.2. Во Билансот на состојба на УХМР со состојба на 31.12.2023 година, сегашната сметководствена вредност на постојаните средства е проценета во износ од 132.773 илјади денари и претставуваат значајна позиција од 92% од средствата во активата.

[1] Број 02-970/1 од 13.11.2023 година
[2] Број 02-202/1 од 02.02.2024 година
[3] Број 02-202/2 од 02.02.2024 година
[4] Бунари за мерење на нивото на подземните води

Со извршената ревизија го утврдивме следното:

- вредноста на земјиштето во Билансот на состојба е проценета во износ од 782 илјади денари и се однесува на евидентирано земјиште на само една локација. Не е воспоставена материјална евиденција (книга на капитален имот) за земјиштето, евиденцијата се води во ексел табела. Според податоците од табелата утврдивме дека УХМР својата дејност ја врши дисперзирано на 19 локации низ државата на кои се изградени и објекти, при што земјиштето на осум локации е дадено на трајно користење со право на сопственост на УХМР за него не е извршена проценка на вредноста и не е евидентирано во сметководствената евиденција. За осум локации сопственик, на земјиштето е Република Северна Македонија со право на користење на УХМР и една локација е во сопственост на Република Северна Македонија. Не извршеното евидинтирање на земјиште не е во согласност со член 12 од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- до денот на ревизијата не е извршено сметководствено евидентирање на дел од недвижниот имот, четири градежни објекти, од причина што постапката за регулирање на правниот статус на бесправно изградените објекти е во тек, што не е во согласност со член 12 од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- постои неусогласеност помеѓу финансиската и материјалната евиденција на постојаните средства (капиталниот имот) во износ од 16.229 илјади денари, во корист на финансиската, разликата потекнува од претходни години. Оваа состојба е резултат на отсуство на редовно евидентирање во софтверот за материјална евиденција и усогласување со финансиската евиденција на постојаните средства што не е во согласност со член 8 и 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- УХМР користи дванаесет моторни возила од кои две возила се добиени на користење од друг државен орган за период од 10 години, девет моторни возила се во сопственост на УХМР и истите не се евидентирани во материјалната ниту во сметководствената евиденција. Евидентирано е само едно моторно возило добиено со донација што не е во согласност со член 12 од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- со увид во начинот на пресметка на амортизацијата на постојаните средства утврдивме дека за дел од опремата не е пресметано амортизација. За опремата за која што е пресметана амортизација истата е пресметувана од денот на нивното евидентирање/набавка, што не е во согласност со член 22 од Правилникот согласно кој пресметувањето на амортизацијата на материјалните и нематеријани средства започнува да се врши од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста и за дел

од опремата применети се стапки за амортизација кои не се согласно член 20 од Правилникот.

Горенаведената состојба влијае на реалноста и објективноста на искажаната вредност на позициите на постојаните средства во Билансот на состојба.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- редовно евидентирање и усогласување на материјалната со финансиската евиденција на постојаните средства;
- обезбедување на имотни листови за сопственоста на земјиштето;
- продолжување на активностите за завршување на постапките за обезбедување на имотни листови и документација за извршена легализација од надлежните институции и нивно сметководствено евидентирање;
- евидентирање на моторните возила во сметководствената и материјалната евиденција и
- пресметување на амортизација на сите набавени постојани средства и примена на амортизациони стапки предвидени со Правилникот.

3.1.3. Во деловните книги на УХМР со состојба на ден 31.12.2023 година, состојбата на залихите на материјали и резервни делови е проценета во вкупен износ од 1.978 илјади денари. Со увид во начинот на прием, издавање и евиденција како и од извршените анализи утврдивме дека постои разлика помеѓу финансиската и материјална евиденција на залихата на материјали и резервни делови во вкупен износ од 5.901 илјади денари во корист на материјалната евиденција. Наведената неусогласеност е резултат на не ажурното и не точно евидентирање на набавките и издавањето на материјалите во софтверот за материјално работење и не извршено разграничување на евиденцијата на постојаните средства од материјалната евиденција на залихите на материјали и резервни делови. Имено, утврдивме дека во софтверот за материјална евиденција на залихите се врши евидентирање и на постојани средства како што се набавки на сензори, антивирусен софтвер, моторно возило, клима уреди, сервери и други средства. Со пописот на 31.12.2023, пописната комисија само ја потврдила фактичката состојба на залихите без да се утврдат разликите помеѓу материјалната евиденција и сметководствената евиденција на залихите на материјали и резервни делови.

Наведената состојба не е во согласност член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 7 од Правилникот и влијае на реалноста и објективноста на искажаната вредност на залихите во Билансот на состојба и создава можност од нивно не соодветно користење.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за:

- ажурно и точно евидентирање на промените во софтверот за материјалната евиденција на залихите на материјали и резервни делови и разграничување на евиденциите на залихите од постојаните средства;
- редовно усогласување на магацинската, материјалната со финансиската евиденција на залихите на материјали и резервни делови и
- вршење на попис на залихите на материјалите и резервните делови и усогласување на финансиската и материјална сметководствена евиденција.

## 3.2. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. На предлог на комисијата за попис од 2019 година, Директорот донел Одлука[5] за расходување на движни ствари, единаесет моторни возила поради дотрајаност, неупотребливост или технолошка застареност, кои се сместени во дворното место на УХМР. Со одлуката се дава предлог моторните возила да можат да се дадат на трајно користење на друг државен орган без надомест, да се продадат на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад или да се разменат врз основа на Одлука на Владата.

На седница на Владата одржана на 25 ноември 2022 година донесена е Одлука[6] за одобрување на продажбата на движните ствари-моторни возила за старо железо по пат на електронско јавно наддавање. До денот на ревизијата не е постапено по одлуката на Владата. Истакнуваме дека моторните возила не се евидентирани во сметководствената евиденција на УХМР и не се опфатени со пописот во 2023 година. Оваа состојба не е во согласност со член 43, став 3 и член 48 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост со кој е пропишано да се спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад поради што не е остварен прилив во Буџетот.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки за постапување по одлуката на Владата за трајно отстранување на неупотребуваните и технички застарени моторни возила.

5 Број 02-430/3 од 13.04.2022 година
6 Број 41-9628/5 од 25.11.2022 година

3.2.2. Со извршената ревизија на интерните акти и други документи кои ги содржат: пропишаната организациона структура, назначувањето на раководител на Одделението за внатрешна ревизија, проценка на капацитетите и ресурсите и функцинирањето на единицата за внатрешна ревизија, ги утврдивме следните состојби:

- согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на УХМР, формирано е Одделение за внатрешна ревизија со еден раководител и пет ревизори. Во 2023 година одделението функционира со еден раководител. Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеја 1 од ЗЈВФК, според кој согласно годишниот буџет со кој располага УХМР организационата единица за внатрешна ревизија треба да биде екипирана со најмалку еден внатрешен ревизор и еден раководител;
- во годишните планови на единицата за внатрешна ревизија на УХМР за 2022 и 2023 година планирани се по една ревизија годишно. Во извештајот за 2022 година доставен до ЦЕХ, наведени се две ревизии: ревизија на процесот на внатрешни контроли за архивско работење и ревизија на процесот на јавни набавки за 2021 година. На ревизијата и беше доставен само Конечниот извештај за ревизија на усогласеност и регуларност на архивското работење.
- Со увид во годишниот финансиски извештај за 2023 година на УХМР внесени се податоци дека внатрешниот ревизор ги извршил истите ревизии како и во 2022 година, а на ревизијата и беше доставен Претходен извештај за ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на магацинско работење.

Ревизијата истакнува дека врз основа на склучен договор во 2009 година и анекс во 2014 година меѓу директорите од УХМР и Дирекцијата за безбедност за класифицирани информации склучен е договор за давање услуги – вршење на внатрешна ревизија од страна на единицата за внатрешна ревизија на УХМР на Дирекцијата за безбедност за класифицирани информации што надлежните лица ја истакнуваат како една од причините за малиот број на издадени ревизорски извештаи од страна на внатрешниот ревизор за УХМР.

Овие состојби укажуваат на неефикасно вршење на внатрешната ревизија согласно одредбите од ЗЈВФК и Стандардите за внатрешната ревизија. Со оглед на обемот на работа и значењето на дејноста кое го има УХМР, како и дисперзираноста на дејноста, кадровска екипираност на одделението и квалитетниот начин на вршење на внатрешна ревизија, со донесување на годишни планови и нивното реализирање ќе му обезбеди на раководното лице независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на севкупното работење и зголемување на ефективноста на системот за внатрешна контрола.

**Препорака**

Раководното лице на УХМР да преземе мерки и активности за:
- соодветно кадровско доекипирање на Одделението за внатрешна ревизија;
- носење и реализирање на квалитетни годишни планови за работа на внатрешната ревизија;
- реално и објективно прикажување на податоците во годишните финансиски извештаи за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија кои се доставуваат до Централната единица за хармонизација.

3.2.3. Пресметката на платата на вработените во УХМР се врши согласно Законот за административни службеници[7] и Законот за вработени во јавниот сектор[8]. Со увид во начинот на пресметување и исплата на платата на вработените утврдивме дека во претходниот период како и во 2023 година во софтверот, при пресметката на платата на делот на работното искуство (работен стаж) на административните службеници се земаат како основа и додатоците за кариера, ноќна работа, работа во празник и прекувремена работа.[9] Наведеното не е во согласност со член 87 од Законот за административни службеници согласно кој работното искуство се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%. Исто така, наведеното не е во согласност со член 87 став 5 од Законот за изменување на законот за административни службеници[10] со кој е пропишано дека делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Горенаведеното укажува дека без законски основ се пресметува надомест за работното искуство и на основа која се однесува на додатоците за кариера, ноќна и прекувремена работа, како и работа во празник што влијае на висината на исплатените средства по овој основ.

[7] („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016 ,2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 14/2020, 215/21 и бр. 99/22 година).

[8] („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/2019 14/2020 година)

[9] Во 2023 година на административните службеници исплатено е по основ на додаток закариера 1.330 илјади денари за 69 вработени, за ноќна работа 2.328 илјади денари за 60 вработени, работа во празник 336 илјади денари за 62 вработени и за прекувремена работа 262 илјади денари за 16 вработени.

[10] („Службен весник на Република Северна Македонија" број 99/22)

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за правилна пресметка на платите на вработените, при вреднување на работното искуство во делот на додатоците за кариера, ноќна и пркувремена работа, како и работа во празник.

3.2.4. Во 2023 година исплатени се средства во износ од 317 илјади денари по основ на склучени месечни договори за дело со физичко лице за вршење на работи од областа на спроведување на билатерални и мултилатерални соработки со институциите од земјата и странство, организирање на работата на директорот. Исплатата е вршена без да бидат изготвени месечни извештаи за извршената работа што не е во согласност со член 1 став 2 од склучениот договор.

Не изготвувањето на извештај за извршени активности и услуги влијае на уверувањето за исполнување на работните задачи и обврските од склучениот договор за кои било ангажирано лицето.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности при ангажирање на лица со договор за дело, да се врши потврдување на извршените услуги со обезбедување на поткрепувачка и соодветна документација.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Обрнуваме внимание дека УХМР има отпочнати судски постапки чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи. Според информациите добиени од Одделението за правни работи во тек се 4 предмети во кои УХМР е тужител, при што побарувањата по основ на штети изнесуваат 614 илјади денари од кои најголем дел се однесуваат на побарувања од правни лица по основ на неплатени фактури за дадени услуги и за закуп на простор.

4.2. Со извршената ревизија утврдивме забележителен тренд на намалување на бројот на вработените во периодот од 2019 година до март 2024 година, прикажано во следната табела:

**Табела број :1 Број на вработени по години**

| реден број | година | број на вработени на 31.12. | барања за вработувања | согласности од МФ за нови вработувања | новвработени во тек на годината | превземени лица од друг субјект и по К5 програма, вратени по користење на неплатено отсуство | одлив на вработени во тек на годината | основ за одлив на вработени | | одлив на вработени на работни места непосредно поврзани со дејноста на УХМР | просечна старост на вработени на работни места непосредно поврзани со дејност | просечна старост на вкупниот број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | пензионирање | др основ | | | |
| 1 | 2019 | 166 | 22 | 22 | 3 | 1 | 9 | 6 | 3 | 6 | 53 | 51 |
| 2 | 2020 | 164 | 23 | 0 | 9 | 1 | 12 | 8 | 4 | 9 | 52 | 52 |
| 3 | 2021 | 153 | 25 | 0 | 0 | 4 | 13 | 7 | 6 | 10 | 52 | 52 |
| 4 | 2022 | 146 | 12 | 11 | 11 | 0 | 15 | 11 | 4 | 11 | 54 | 52 |
| 5 | 2023 | 132 | 12 | 9 | 0 | 1 | 16 | 13 | 3 | 12 | 53 | 52 |
| 6 | март 2024 | 136 | 8 | 8 | 7 | 1 | 4 | 3 | 1 | 3 | 54 | 53 |
| | | | 102 | 50 | 30 | 8 | 69 | 48 | 21 | | | |

Податоците во табелата покажуваат дека:

- вкупниот број на вработени бележи тренд на намалување, што се должи на не сразмерниот однос на одливот на вработени и пополнувањето на испразнетите работни места. Имено, во наведениот период испразнети се 69 работни места, додека од 102 доставени барања, МФ има одобрено 50 барања за согласности за нови вработувања. Притоа само 30 лица засновале работен однос на неопределено работно време, односно 60% од одобрените барања. Според одговорните лица, одобрените согласности за нови вработувања не се реализирани во поголем процент од причина што на огласите за вработување постои недостиг на заинтересирани кандидати, а дел од кандидатите кои аплицираат не ги исполнуваат условите и критериумите по објавените огласи и спроведените постапки за вработување. Во однос на одливот на вработените од вкупниот одлив на вработени околу 70% е по основ на пензионирање, а останатите 30% е по други основи (трансфер кај други работодавачи, иселување од државата);
- во наведениот период просечната возраст на вработените бележи пораст, како на вкупниот број така и на вработените во секторите непосредно поврзани со вршење на основната дејност на УХМР. Имено, во 2019 година просечната старост на сите вработени е околу 51 година, а за вработените од стручната дејност 53 години. Заклучно со месец март 2024 година просечната старост изнесува околу 53 години со 54 години.

Укажуваме дека недоволниот број на вработени може во иднина да влијае на квалитетот на извршувањето на основната дејност на УХМР.

4.3. Согласно член 6 од Законот за хидрометеоролошка дејност основните цели и задачи на хидрометеоролошката дејност опфаќаат: координација, комуникација и соработка во навременото известување при вршењето на хидрометеоролошко бдеење и истражување со државните субјекти одговорни за превенција, рано предупредување, справување и управување со кризи на државно и локално ниво, навремено информирање за времето, климата и водите за потребите на одржливиот развој со цел намалување на загубите на луѓето и материјалните добра предизвикани од временски непогоди и други катастрофални настани и економски придобивки на државата.

**Табела број 2: Систематизирани и пополнети работни места по градови/ метеоролошки станици**

| Ред бр | Град | Систематизирани | Пополнети | Просечна старост на вработените по градови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 6 | 5 | 49 |
| 2 | Битола | 6 | 4 | 52 |
| 3 | Гевгелија | 6 | 2 | 56 |
| 4 | Демир Капија | 5 | 3 | 42 |
| 5 | Крива Паланка | 6 | 6 | 54 |
| 6 | Лазарополе | 4 | 0 | 63 |
| 7 | Маврово | 3 | 0 | 0 |
| 8 | Охрид | 5 | 3 | 54 |
| 9 | Прилеп | 6 | 4 | 59 |
| 10 | Скопје-Зајчев рид | 17 | 7 | 46 |
| 11 | Струмица | 5 | 3 | 59 |
| 12 | Тетово | 5 | 3 | 57 |
| 13 | Штип | 6 | 4 | 60 |
| | **Вкупно** | **80** | **44** | |

Со извршениот увид на метеоролошките станици во државата и направените анализи, ревизијата утврди дека од вкупно 19 станици, 3 се нефункционални поради одлив на вработени (пензионирање или по друг основ) додека во наредните 4 години постои тенденција на затворање на уште 4 или повеќе станици поради остварување на правото на старосна пензија на вработените. Од наведеното произлегува дека УХМР во наредните години ќе функционира со две третини од своите капацитети и податоците од областа на метеорологијата и прогнозата на времето ќе се обезбедуваат во најголем дел преку автоматските станици. Автоматските станици даваат основни податоци: притисок, влага, температура на 2 метра висина на воздух, температура на почва на повеќе длабочини најмногу до 1 метар, додека рачните мерења од страна на вработените покрај основните податоци даваат и дополнителни податоци за следните појави: слана, снег, облаци, видливост, магла, градби интензитет на дожд.

**Табела број 3: Сектор прогноза/Одделение за радарски мониторинг и најава на опасни временски појави и модификација на време**

| Ред бр | Град | Систематизирани | Пополнети | Просечна старост на вработените по градови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пожаране | 5 | 4 | 52 |
| 2 | Виница | 4 | 2 | 59 |
| 3 | Претор | 6 | 3 | 48 |
| 4 | Ѓуриште | 8 | 4 | 55 |
| 5 | Тополчани | 9 | 3 | 52 |
| 6 | Пожар | 4 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **36** | **16** | |

За да се овозможи нормално функционирање на метеоролошките станици потребно е да се интензивираат активностите во насока на вработување на стручен кадар со цел зголемување на бројот на членови и нормално функционирање на метеоролошките станици. Вработувањето на стручен кадар ќе придонесе да се намалат загубите предизвикани од временски непогоди и други катастрофални настани.

4.4. Законот за хидрометеоролошки работи не пропишува изработка на долгорочни плански документи за работењето на УХМР, освен во членот 15 кој предвидува хидрометеоролошките работи да се вршат според годишни и повеќегодишни програми. На почетокот на секоја година Владата носи Годишна програма за работа од областа на хидрометеролошката дејност, со која се одобрува веќе усвоениот Буџет по работни позиции и активности. За 2023 година Програмата[11] изнесува 103.940 илјади денари. За хидрометеоролошката дејност и работењето на УХМР не е донесена повеќегодишна Стратегија, ниту се донесуваат Повеќегодишни и годишни инвестициони програми како и Годишни програми за тековно и инвестиционо одржување на опремата. Потребите за инвестирање и одржување на веќе постоечката опрема се планираат согласно итноста и обезбедените средства во Буџетот, а за одржувањето во метеоролошките станици се грижат вработените во истите.

Средствата за плати и надоместоци на плати на вработените во 2023 година и претходните години учествуваат со 75% во вкупниот Буџет, а средствата за капитални расходи во 2023 година учествуваат со само 1%, односно овој процент на средства за инвестиции не е доволен за да претставува развојна компонента за УХМР.

[11] Програмата за работа од областа на хидрометеролошката дејност, („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32 од 13.02.2023 година)

**Слика: број 1 : Рачна и автоматска метеоролошка станица**



Ревизијта изврши увид на терен на мрежите на автоматските и рачните хидрометеоролошки станици низ државата при што утврди дека поголем дел од придружните објекти како и самите станици и опремата во нив кои се клучни за дејноста се неуредни и дел од истите не се во одржувана состојба.

**Слика: број 2 Главна метеоролошка станица**



Оваа состојба укажува дека не се одвојуваат доволно средства за инвестиции и не се врши планска анализа на приоритетните инвестициони активности како и на градежно занатските активности потребни за соодветно одржување на постоечката мрежа на метеоролошките станици во државата, обнова на стариот инвентар, обнова на возниот парк особено кај оние станици кои се лоцирани во високите планинските предели и се тешко достапни со лесни возила. Со пописот на 31.12.2023 година, пописната комисија истакнала дека еден дел од метеоролошките станици се во не функционална состојба. Донесувањето на стратешки документ за развој на хидрометеоролошката дејност како и обезбедувањето на доволно средства за планирање на инвестициони активности и тековното одржувања во станиците со донесување на годишни и повеќегодишни програми ќе овозможи по ефикасни и поверодостојни хидрометеоролошки податоци во иднина за државата.

4.5. Согласно член 16 од Законот за Хидрометеоролошка дејност, хидрометеоролошките работи УХМР може да ги врши со постојани, повремени набљудувачи, стрелци или да се врши автоматски.

Во 2023 година исплатени се 2.832 илјади денари како надомест за хидрометеоролошки услуги од ангажирани надворешни физички лица за вршење на услуги за набљудувања и мерења: дождомерни, фенолошки и климатолошки станици, како и хидролошки набљудувања на површински и подземни води. Од извршените мерења лицата доставуваат извештаи на дневна или месечна основа.

Висината на надоместоците за услугите е утврдена со Одлука на Влада[12], според која надоместоците се движат од 560 денари до 6.800 денари, во зависност од обемот и сложеноста на работата, карактерот и квалитетот на извршената работа, зачестеноста, како и времетраењето на работите. Имајќи предвид дека во текот на 2023 година склучени се вкупно 193 договори за ангажирање на повремени набљудувачи, од кои 129 се склучени за надомест од 560 денари, голем дел од набљудувачите одбиваат да ги склучат договорите за наредна година. Имено, поради порастот на цените и инфлаторните движења во изминатиот период вака утврдените надоместоци со Одлуката на Владата од 2009 година е демотивирачки за веќе ангажираните лица, а уште помалку има интерес за склучување на договори за ангажман на нови набљудувачи.

Набљудувачите се основна алка во прибирање на податоци од терен, а информациите се неопходни за носење на брзи одлуки за спасување на животи и материјални добра во услови на елементарни непогоди и поплави. Имено, поради важноста на податоците за дејствување во кризни состојби

[12] Број 19-747/1 од 24.02.2009 година

истите се доставуваат и до релевантните министерства, ЦУК и ДЗС. Поради наведеното постои ризик УХМР во иден период да не може да обезбеди доволни и навремени податоци за остварување на основните цели и задачи на хидрометеоролошката дејност.

Истакнуваме дека одговорното лице на УХМР во периодот од 2019 година до 2023 година, секоја година до Министерството за финансии доставува документ „Основно сценарио и нови иницијативи на УХМР“, со кои дава иницијативи и образложенија за остварувањето на нови вработувања, начинот на решавање како и покачување на висината на надоместокот на набљудувачите и обезбедување на средства за набавка на нови и одржување на постоечките станици и друга опрема.

## 5. Останати прашања

5.1. Согласно член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор, јавниот сектор го сочинуваат вработените кои имаат статус на административни службеници, како и вработените кои имаат статус на помошно – технички лица. Согласно истиот за вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и колективни договори. Висината на платите и другите надоместоци на административните службеници се определуваат согласно Законот за административни службеници, додека за лицата кои вршат технички и помошни работи, распоредени во групи, подгрупи инкорпорирани во актот за систематизација, отсуствуваат одредби со кој би се уредил начинот на пресметување на платите. Во УХМР за пресметката на плата за помошно техничкиот персонал утврдени се бодови за секој вработен според правилник од 1987 година и истите се корегираат со промените на износот на минималната плата во однос на вредноста на бодот. Вредноста на бодот за пресметка на плата е утврден со Одлука[13] донесена од директорот на УХМР.

Отсуството на законски одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи предизвикува не воедначен начин при пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени.

За надминување на утврдената состојба органите на државна управа во соработка со надлежното министерство потребно е да превземат активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти и утврдување на критериуми за пресметка на платата на вработените лица кои вршат технички и помошни работи.

[13] Број 02 -227/1 од 29.01.2020 година

5.2. Во претходните години Република Северна Македонија се соочува со денови на временски непогоди и време проследено со силен дожд и град. Секоја година во периодот од април до октомври се појавуваат врнежи од град, кои прават огромни материјални штети во земјоделското производство како и оштетување на згради, индустриски и градежни објекти. (Прилог бр.2)

Во почетокот на 70-тите години од минатиот век во Република Македонија заштитата од град се извршувало со противградобијни ракети преку мануелни лансерни рампи. Овој систем на заштита од градоносни облаци се усовршувал следните 20-тина години, но после 2005 година постепено се намалувал интересот за противградобијна одбрана од страна на надлежните институции, за да во 2014 година конечно се укине противградобијната одбрана во државата, односно до исцрпување на последните залихи на ракети се завршува со оперативната заштита од град. Недостатокот на финансиски средства во Буџетот, неисправна опрема како и одливот на стручни лица од УХМР допринело за замирање на оперативната заштита од град на овој начин.

Во периодот од 2015 до 2019 година УХМР нема извршено заштита од град поради не обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија.

Со Уредбата[14] донесена во 2019 година, се воведува нов начин за заштита од град и се дефинира како: „*услуга за авионско засејување на облаците за превенција од природни непогоди и неповолни климатски настани врз земјоделски посеви*", а како корисник на техничката поддршка е утврдена УХМР.

УХМР по обезбедување на средства од МЗШВ согласно Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2020 година[15] и горенаведената Уредба, спровела јавна набавка и склучен е договор со еден економски оператор за модификација на време со авионско засејување на градоносни облаци.

Противградобијната заштита со авионско засејување на градоносни облаци се спроведувала на целата територија на Република Северна Македонија во 2021 и 2022 година.

Во текот на 2023 и 2024 година распишани се постапки за јавни набавки но на истите не се пријавил ниту еден економски оператор, како резултат на што извршено е поништување на постапката за доделување на договор и засејувањето односно заштитата од град не се извршила.

[14] Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/19)
[15] („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.278/19 )

Оваа состојба на отсуство на заштита од град има за последица можност за нанесување на сериозни штети на посевите на земјоделските површини во државата.

Одговорните лица на УХРМ истакнуваат дека во земјите од соседството заштитата од град се врши на следните начини: авионско засејување на градоносни облаци, комбинирана одбрана (авионско засејување и автоматски ракетен систем) и само автоматскиот ракетен систем - кој се практикува во повеќе земји. Последниве години во некои земји воведена е експериментална заштита од град со дронови[16] . Ревизијата препорачува одговорното лице на УХМР во соработка со други надлежни институции да избере оптимална метода, како начин за заштита од град.

Истакнуваме дека во услови на неизвршено авионско засејување на градоносни облаци во текот на 2023 година по претходно доставени барања за надомест на штети од елементарни непогоди од Општините, одобрени од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, Владата донела повеќе одлуки за одобрување на средства од резервите на Буџетот во вкупен износ од 50.718 илјади денари. (Прилог бр.3).

Истакнуваме на потребата за воспоставување на соодветна и постојана заштита од град во Република Северна Македонија со цел да не се нанесат сериозни штети на посевите на земјоделските површини за што се одвојуваат значајни финансиски средства од резервите на Буџетот на државата за исплати на средства за надомест на штета по овој основ.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.03.2024 до 22.05.2024 година, кај Управата за хидрометеоролошки работи на сметката на основен буџет (637), од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност кај Управата за хидрометеоролошки работи за 2018 година, при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и

[16] внесувањето на реагенсот е со специјално изработени палки, кои се активираат преку дронови

објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2018 година презентирано како прилог кон овој Извештај, при што констатиравме дека од дадените пет препораки: една е спроведена, една е делумно спроведена, две препораки се во тек на спроведување и една не е спроведена.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Управата за хидрометеоролошки работи, застапувано од:

- Ивица Тодоровски, в.д. директор од 15.02.2022 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на УХМР, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Корекции за време на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на УХМР извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај/Биланс на состојба и тоа:

- со налог за книжење број 12/07-24 од 28.03.2024 година извршено е прекнижување од сметката Краткорочни финансиски обврски на сметката Други пасивни временски разграничувања во износ од 21 илјади денари што нема влијание на вкупната пасива во Билансот на состојба.
- со налог за книжење број 12/02-24 од 29.03.2024 и 14/02-24 од 29.04.2024 година извршено е зголемување на позициите на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства во износ од 1.854 илјади денари по основ на не евидентирана опрема и реконструкција на градежен објект.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Управата за хидрометеоролошки работи одржан на ден 15.05.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на Управата за хидрометеоролошки работи не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 103.558 | 101.318 |
| **Вкупно приходи** | | **103.558** | **101.318** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 78.106 | 72.330 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 23.287 | 24.388 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 1.000 | 3.035 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **102.393** | **99.753** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | **3.3.** | 1.165 | 1.565 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.165** | **1.565** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **103.558** | **101.318** |

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 21 | 37 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 8.778 | 8.324 |
| Залихи | 4.1.3. | 1.978 | 3.869 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.777** | **12.230** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 357 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 782 | 782 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 131.634 | 113.074 |
| **Вкупно постојани средства** | | **132.773** | **113.856** |
| **Вкупна актива** | | **143.550** | **126.086** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.907 | 2.586 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | 41 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 6 | 8 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 6.865 | 5.730 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 21 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8.799** | **8.365** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 134.751 | 117.721 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **134.751** | **117.721** |
| **Вкупна пасива** | | **143.550** | **126.086** |

| СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2023 година** | **113.852** | **3.869** | **117.721** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **28.378** | **3.387** | **31.765** |
| Набавки | 27.015 | 3.387 | **30.402** |
| Ревалоризација на капитални средства | 41 | | **41** |
| | (536) | | **(536)** |
| корекција по ревизија | 1.858 | | **1.858** |
| **Намалување по основ на:** | **9.457** | **5.278** | **14.735** |
| Отпис на капитални средства | (505) | | **(505)** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 9.962 | | **9.962** |
| издавање на залихи | | 5.278 | **5.278** |
| **Состојба 31.12.2023 година** | **132.773** | **1.978** | **134.751** |